# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 13 Јули 2023 година<br>Скопје<br>Бр.8 Год. XVIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање согласност на Планот за измена и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година.......стр.2
2. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје....... стр.4
3. Одлука за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје....... стр.6
4. Одлука за измени и дополнување на програма Комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година....... стр.10
5. Одлука за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година....... стр.14
6. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година....... стр.18
7. Одлука за изменување и дополнување на Програма за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.......стр.21
8. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на Општина Ѓорче Петров за 2023 година....... стр.28
9. Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година (ребаланс).......стр.30
10. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година....... стр.73
11. Статут на Општина Ѓорче Петров (Пречистен текст) .......стр.78


**Јули 2023 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Планот за измени и дополнувања на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за давање согласност на Планот за измени и дополнувања на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/1**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19, 5/21 и 7/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Планот за измени и дополнувања на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Планот за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, број 01-1356/1 од 06.07.2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/3**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје.**

Се објавува одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/2**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република С.Македонија“ број 32/20), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07. 2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров, Скопје.**

**Ч л е н 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработена од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со тех. бр. 31/23-У од мај 2023, а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 27-202/7 од 06.06.2023 год.

**Ч л е н 2**

Техничката исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 14.3 и ГП 14.8 од ДУП Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.), Општина Ѓорче Петров, Скопје, изработена од ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со тех. бр. 31/23-У од мај 2023 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план Ѓорче Петров 37 (Одлука бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год.).

**Ч л е н 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.07.2023 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/3**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје

### Член 1

Се врши времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров, Скопје (Одлука бр. 07-4609/7 од 12.11.2014 год.).

### Член 2

(1) Се прекинува издавање на Одобренија за градење за сите нови градби од градежните парцели со основна класа на намена „А1 - Домување во станбени куќи“ и „А2 - Домување во станбени згради“ планирани со деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука, во времетраење од 12 месеци по донесувањето на оваа Одлука.

(2) Се прекинува издавање на Одобренија на идејни проекти за сите нови градби од градежните парцели со основна класа на намена „А1 - Домување во станбени куќи“ и „А2 - Домување во станбени згради“ планирани со деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука, во времетраење од 12 месеци по донесувањето на оваа Одлука.

**Член 3**

Во сите останати сегменти на спроведувањето на планот надвор од наведените во член 2 од оваа Одлука, истиот ќе продолжи да се спроведува непречено и тоа за:

- издавање на Одобренија за градење за градби кои припаѓаат на групите на класи на намена „В - Јавни институции“ и „Е - Инфраструктура“;
- издавање на Одобренија за измени во текот на изградбата;
- издавање на Одобренија за отстранување на постојни објекти или нивни делови;
- издавање на Решенија за адаптација, пренамена и / или реконструкција на постојни градби;
- издавање на Решенија за изведување на градби односно поставување на опрема за градби за кои не е потребно одобрение за градење согласно член 73 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23);
- издавање на Одобренија за поставување на времени објекти;
- издавање на Одобренија за поставување на урбана опрема;
- постапки за отуѓување на градежно земјиште во државна сопственост согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република С.Македонија“ број 275/19)
- постапки за утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградени објекти согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република

Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17);

- сите други сегменти на спроведување на планот за чие завршување не е надлежна Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

(1) По истекот на временскиот период за кој се донесува оваа Одлука, деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука ќе продолжи да се спроведува непречено во сите сегменти.

(2) Доколку во меѓувреме се донесе изменување и дополнување на дел од деталниот урбанистички план или се донесе нов детален урбанистички план за просторот, новиот урбанистички план ќе се спроведува непречено во сите сегменти и пред истекот на временскиот период за кој се донесува оваа Одлука.

(3) По истекот на временскиот период за кој се донесува оваа Одлука, доколку сѐ уште не се отстранети причините за нејзиното првично донесување, може да се донесе нова Одлука за продолжување на мерките пропишани со член 2 од оваа Одлука, а по претходна анализа од стручните служби на општината.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/5** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.07.2023 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/4**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12,163/13,42/14,44/15,147/15,31/16 и 64/18 и („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.302/20), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија“ бр.216/21), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2023 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22).

**Член 2**

Се изменува и дополнува Програмата за комунални дејности, Програма Ј00 Одржување на урбаната опрема конто 424440 Одржување на други градби; Програма ЈН0 Урбана Опрема конто 480190 Купување друга опрема; Е0 Општинска администрација конто 424210 Одржување на згради; Д1 Месна Самоуправа конто 424210 Одржување на згради; Н1 Основно образование, конто 424210 Одржување на згради; В1 Детски градинки, конто 424210 Одржување на згради; НА Основно образование (капитални расходи) конто 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти; ВА Детски градинки ( капитални расходи) конто 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти; ЛА0 Спорт и Рекреација (капитални трошоци) 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на спортски и детски игралишта, 482920 Изградба на спортски и детски игралишта Изградба на спортско-рекреативни содржини за фитнес на различни локации и изградба на спортски и на детски игралишта; Л0 Спорт и рекреација конто 424390 Одржување на други градби; Ј4 – Јавна

чистота конто 423310 Униформи; Ј7 – Јавна чистота конто 424430 Поправка на машини.

**Член 3**

Се изменува и дополнува

1. Програма Ј00 Одржување на урбаната опрема конто 424440 Одржување на други градби износ во денари бројот 632.986,00 се заменува со бројот 3.000.000,00

2. Програма ЈН0 Урбана Опрема конто 480190 Купување друга опрема износ во денари бројот 278.025,00 се заменува со бројот 2.278.025,00

3. Програма Ј4 – Јавна чистота конто 423310 Униформи износ во денари бројот 50.000,00 се заменува со 100.000,00

4. Програма Ј7 – Јавна чистота конто 424430 Поправка на машини износ во денари бројот 0,00 се заменува со 450.000,00

5. Програма Е0 Општинска администрација конто 424210 Одржување на згради износ во денари бројот 1.204.233,00 се заменува со бројот 3.000.000,00

6. Програма Д1 Месна Самоуправа конто 424210 Одржување на згради износ во денари бројот 500.000,00 се заменува со бројот 700.000

7. Програма Н1 Основно образование, конто 424210 Одржување на згради износ во денари бројот 2.211.958,00 се заменува со бројот 3.200.000,00;

8. Програма В1 Детски градинки, конто 424210 Одржување на згради износ во денари бројот 558.621,00 се заменува со бројот 800.000,00;

9. Програма ВА капитални расходи, конто 481210 проекти за деловни објекти износ во денари бројот 1.850.000,00 се заменува со бројот 3.850.000,00;

10. Програма НА Основно образование (капитални расходи) конто 481910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти износ во денари бројот 0 се заменува со бројот 600.000,00

11. ЛА0 Спорт и Рекреација (капитални расходи) 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на спортски и детски игралишта износ во денари бројот 0 се заменува со бројот 400.000,00,

12. ЛА0 Спорт и Рекреација (капитални расходи) 482920 Изградба на спортски и детски игралишта износ во денари бројот 800.000,00 се заменува со бројот 6.000.000,00

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности, е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции, да изработи пречистен текст на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1360/6**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/5**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/20), член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 275/19), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.06.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22).

**Член 2**

Во насловот на Потпрограмата „Ф1“ за урбанистичко планирање „II. Начин на распределба на средствата за финансирање“, во табелата „Расходи за реализација според намената за урбанистичко планирање“, во делот „Ф10 Урбанистичко планирање“ - „425640 Изработка на просторни и урбанистички планови“ - „Изработка на ДУП-ови согласно нов ГУП на Град Скопје“, во втората алинеја (од табелата: ред 5, колона 2), текстот „СЗ 27“ се заменува со „СЗ 27 (Блокови СЗ 27.01, СЗ 27.02, СЗ 27.03, СЗ 27.04, СЗ 27.05 и СЗ 27.06)“.

**Член 3**

Во насловот „II. Начин на распределба на средствата за финансирање“, во табелата „Расходи за реализација според намената за урбанистичко планирање“, во делот „Ф10 Урбанистичко планирање“ - „425640 Изработка на просторни и урбанистички планови“ - „Изработка на други плански документации“, во четвртата алинеја „Водење постапки по иницијатива од правни и физички лица за изработка на планска документација и урбанистичко проектни документации“ (од табелата: ред 14, колона 2), по текстот „ДУП СЗ 24 (Блокови СЗ 24.01, СЗ 24.02 и СЗ 24.04,“ се додава текстот: „ДУП СЗ 27 (Блок СЗ 27.07),“.

**Член 4**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“ по конта, Програма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) конто 482130 Реконструкција на улици и патишта, конто 482940 Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура; Програма Ф20 Уредување на градежно земјиште конто 425940 Рушење објекти; Програма ФД0 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи), конто 482130 Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улици во рурален дел,конто 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори и конто 482940 Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура; ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи), конто 482320 изградба на пречистелни станици; Ф1 урбанистичко планирање, конто 425990 други договорни услуги; Ф3 уредување на простор во рурални пордачја, конто 421130 ѓубретарина; Ф3 уредување на простор во рурални пордачја, конто 421190 други комунални услуги.

**Член 5**

Се изменува и дополнува:

13. Програма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) конто 482130 Реконструкција на улици и патишта износ во денари бројот 20.791.585,00 се заменува со бројот 35.791.585,00
14. Програма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи), конто 482320 изградба на пречистелни станици износ во денари, 9.015.072,00 се заменува со 12.000.000,00
15. Програма ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи) , конто 482940 Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура износ во денари бројот 513.501,00 се заменува со бројот 936.499,00
16. Програма Ф1 урбанистичко планирање, конто 425990 други договорни услуги бројот 720.000,00 се заменува со 500.000,00
17. Програма Ф20 Уредување на градежно земјиште конто 425940 Рушење објекти износ во денари бројот 0,00 се заменува со бројот 2.000.000,00
18. Програма Ф3 уредување на простор во рурални пордачја, конто 421130 ѓубретарина бројот 1.000.000,00 се заменува со 1.500.000,00
19. Програма Ф3 уредување на простор во рурални пордачја, конто 421190 други комунални услуги бројот 5.850.943,00 се заменува 7.850.000,00

20. Програма ФД0 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи), конто 482130 Реконструкција и рехабилитација на коловоз на улици во рурален дел износ во денари бројот 4.000.000,00 се заменува со бројот 15.000.000,00
21. Програма ФД0 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи) конто 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори износ во денари бројот 0,00 се заменува со бројот 6.000.000,00
22. Програма ФД0 Уредување на простор во рурални подрачја (капитални расходи), 482940 Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура износ во денари бројот 473.054,00 се заменува со бројот 1.200.000,00

**Член 6**

Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, е составен дел на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 7**

Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и инвестиции, да изработи пречистен текст на Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 13.07.2023 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/6**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 20, тарифен број 10 став 1 и 2 од Законот за комунални такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.64.04), член 5 став 1 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија” бр.95/12) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22).

**Член 2**

Се изменува и дополнува Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, Програма Ј3 Одржување на јавното осветлување конто 424390 Одржување на други градби, Програма ЈА0 Изградба на јавно осветлување конто 482820 Изградба на капацитети во енергетиката.

**Член 3**

Се изменува и дополнува

23. Програма Ј3 Одржување на јавното осветлување конто 424390 Одржување на други градби износ во денари бројот 8.490.048,00 се заменува со бројот 10.990.048,00
24. Програма ЈА0 Изградба на јавно осветлување конто 482820 Изградба на капацитети во енергетиката износ во денари бројот 0 се заменува со бројот 2.000.000,00

**Член 4**

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, е составен дел на Програмата за одржување и развој

на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за економски одржлив развој да изработи пречистен текст на Програмата за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1360/8**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/7**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 3/19, 5/21 и 7/23) Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година , објавена во („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22):

Во дел II. Активности за остварување на програмата, точката „5. Обезбедување помош и нега на стари лица“ се менува и станува „5. Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик.“

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Со услугата транспорт на стари лица и лица со попреченост се обезбедува превоз на жители на општина Ѓорче Петров кои не се во можност самостојно да обезбедат транспорт за користење на здравствена услуга.Корисници кои ќе ја користат оваа мерка се:<br>-Стари лица (над 65 години) и/или лица со телесна попреченост како и оштетено сетило за вид и слух, лице придружено со болест и неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-Лице кое живее само или со семејство на социјално загрозени категории и не е во можност да го однесат во соодветната здрвствена установа врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услугата за транспорт , поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации |
| Главна цел: | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попреченост во Општина Ѓорче Петров. Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и социјална исклученост на истите. |

| | |
|---|---|
| Време на реализација | Планиран почеток мај 2023 -крај декември 2023 |
| Носител на активноста | Црвен крст на Град Скопје и Одд. за јавни дејности |
| Резултати: | Старите лица и лицата со попреченост во социјален ризик жители на општина Ѓорче Петров ќе имаат поквалитетно живеење со навремено извршени здравствени прегледи, услуги и рана дететција на здрвствени проблеми. Лицата со овозможен пристап до здравествена заштита ќе имаат зголемена самодоверба, ќе добиеме задоволни, здрави и среќни жители и сето тоа ќе се одрази поволно на сите жители на општина Ѓорче Петров. |
| Предвидени финансиски средства: | За 150 транспорти во еден правец 90.000 ден |

**Член 2**

По точката 8, се додава нова точка „9.Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење."

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Целта на оваа програма е да го унапреди системот за обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво преку надополнување на постојните или воведување на нови услуги. Програмата промовира партиципативен пристап во дефинирањето на потребите и дизајнирањето на услугите, со инволвирање на самата заедница и институции на локално ниво. Програмата исто така има за цел да придонесе и за постепено вклучување на невработените лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд.<br>Целта на оваа програма е да го унапреди системот за обезбедување на социјални и здравствени услуги на локално ниво преку надополнување на постојните или воведување на нови услуги Услугата лична асистенција за помош и поддршка при самостојно живеење, односно помош и поддршка при вршење инструменталну активности се однесува на помош и поддршка при:<br>- Поддршка при одржување на хигиена во домот<br>- Поддршка при подготовка на оброк<br>- Поддршка при набавка на намирници за подготовка на оброк<br>- Поддршка при набавка на лекови<br>- Поддршка при плаќање на сметки<br>- Поддршка при извршување на ситни поправки во домот ( менување сијалица, закачување на слика и т.н )<br>- Поддршка при омош при закажување термини за прегледи, состаноци и.т.н |
| Главна цел: | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попречености во Општина Ѓорче Петров. Истовремено, намалувајќи ја невработеноста кај работоспособни лица во Општина Ѓорче Петров преку нивно ангажирање како негователи на стари и немоќни лица. Тоа ќе се оствари преку обезбедување на нега и грижа во домашни услови од страна на професионални сертифицирани негователи во Општина Ѓорче Петров. |
| Време на реализација | По одобрување на проект. Ангажирањето на невработените лица од соодветните целни групи ќе биде со скратено работно време (20 работни часа седмично) во период од 6 или 9 месеци (при што за лицата даватели на социјални услуги кои поседуваат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалнно-здравствената сфера, работниот ангажман ќе биде 9 месеци, а за лицата кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните |

| | |
|---|---|
| | институции работниот ангажман ќе биде 6 месеци по претходно задолжително завршување на обука во времетраење од 3 месеци спроведена од страна на верификуван спроведувач на обука за да се здобијат со соодветен признат сертификат/уверение за стекнати вештини/компетенции како давател на потребната услуга.<br><br>Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман.<br><br>Планиран почеток септември 2023 год. |
| Носител на активноста | UNDP и Одд. за јавни дејности |
| Резултати: | 1.1. 10 обучени негователи (4 негователи за обезбедување/надолнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост, 4 асистенти/подржувачи за самостоен живот и 2 фасилитатори-надоплнувачи на човечки ресурси, унапредувачи на социјалниот дијалог.<br>1.2. Опслужани над 1000 корисници на годишно ниво со здрвствено-социјални услуги и подржувачи за самостоен живот |
| Предвидени финансиски средства: | За 10 лица<br>80% фин. со проект ОКР на UNDP - 990.000 ден.<br>20% фин. од буџет општина Ѓорче Петров- 247.500 ден. |

Предвидените финансиски средства од точка 9 во износ од 247.500,00 ден. го менуваат вкупниот износ на Рекапитуларот кој сега изнесува 6.081.476 ден.

**РЕКАПИТУЛАР**

| Рекапитулар Програмата за социјална, и здравствена заштита Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Еднократна парична помош | Матерјална помош во дрва | Помош за новороденче | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Привремени вработувања | Членарина во домашни организации | Вкупно по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| 1. Крводарителска акција во соработка со Црвен крст во Културен дом Ѓорче Петров | | 50.000 | | | | | | | | | 50.000 |
| 2.Привремени вработувања во градинката | | | | | | | | | 2.975.976 | | 2.975.976 |
| 3. Еднократна парична помош | | | 1.000.000,00 | | | | | | | | 1.000.000,00 |
| 4.Еднократна парична помош за секое новородено дете | | | | | 1.600.000 | | | | | | 1.600.000 |
| 5. Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик. | | | | | | | 90.000 | | | | 90.000 |
| 6. Хуманитарна акција | | 50.000 | | | | | | | | | 50.000 |
| 7. Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров | | 50.000 | | | | | | | | | 50.000 |
| 8. Членарина на Црвен крст на РСМ | | | | | | | | | | 18,000 | 18.000 |
| 9.Обезбедување помош и подршка при самостојно живеење | | | | | | | 247.500 | | | | 247.500 |
| Вкупно | | 150.000 | 1.000.000 | | 1.600.000 | | 337.000 | | 2.975.976 | 18.000 | 6.081.476 |

**Член 3**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година е составен дел од Програмата за активностите на

Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/9**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/8**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 16 став 1, точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Член 1

Во Програма за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/22), се врши изменување и дополнување во точка 5. Финансиски средства потребни за подготовка и реализација на програмата, на начин што во ставот 1 бројот 10.899.468,00 денари на крајот од реченицата се заменува со бројот 17.500.000,00 денари.

Член 2

Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, е составен дел од Програмата за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/10**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на**
**Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/9**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 28 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 244/19 и 77/21) и член 16 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19, 5/21 и 7/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на 13.07.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

**1. Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2023 година се состои од:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **686.533.243** | **748.342.442** |
| | Даночни приходи | 218.661.629 | 276.470.828 |
| | Неданочни приходи | 122.757.500 | 124.757.500 |
| | Капитални приходи | 21.500.000 | 21.500.000 |
| | Приходи од дотации | 281.144.000 | 281.144.000 |
| | Приходи од трансфери | 27.169.174 | 29.169.174 |
| | Приходи од донации | 15.300.940 | 15.300.940 |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **681.506.529** | **742.836.728** |
| | Од утврдени намени | 679.906.529 | 741.236.728 |
| | Расходи од резерви | 1.600.000 | 1.600.000 |
| **III.** | **Дефицит** | **-5.026.714** | **-5.505.714** |
| **IV.** | **Финансирање** | **5.026.714** | **5.505.714** |
| | **Прилив** | **4.573.286** | **6.374.286** |
| | Прилив од домашно | 0 | 0 |
| | Прилив од странски заеми | 0 | 0 |
| | Депозити | 4.573.286 | 6.374.286 |
| | **Одлив** | **9.600.000** | **11.880.000** |
| | Отплата на главница | 9.600.000 | 11.880.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следи:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетски приходи | | Приходи од самофинансирачки активности | | Приходи од дотации | | Приходи од донации | | Приходи од кредити | | Зкупни приходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **359.182.303** | **418.991.502** | **30.906.000** | **32.906.000** | **285.001.486** | **286.802.486** | **16.016.740** | **16.016.740** | **0** | **0** | **691.106.529** | **754.716.728** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **218.661.629** | **276.470.828** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **218.661.629** | **276.470.828** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 15.530.000 | 15.530.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.530.000 | 15.530.000 |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 3.000.000 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 10.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 10.000.000 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 13.900.000 | 14.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.900.000 | 14.400.000 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423320 | Обувки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 10.200.000 | 10.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.200.000 | 10.200.000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 500.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 2.500.000 | 2.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 | 2.700.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 558.621 | 800.000 | 4.300.000 | 4.400.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.858.621 | 6.000.000 |

# ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на:  Потставка и потпрограми

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | **Вкупни расходи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **359.182.303** | **418.991.502** | **30.906.000** | **32.906.000** | **285.001.486** | **286.802.486** | **16.016.740** | **16.016.740** | **0** | **0** | **691.106.529** | **754.716.728** |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 424210 | Одржување на згради | 558.621 | 800.000 | 3.000.000 | 2.600.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.558.621 | 4.200.000 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 200.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 425 | Договорни услуги | 2.975.976 | 2.975.976 | 900.000 | 900.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.875.976 | 4.875.976 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 240.000 | 240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 240.000 | 240.000 |
| 425790 | Други образовни услуги | 0 | 0 | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 30.000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 170.000 | 170.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 170.000 | 170.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 2.975.976 | 2.975.976 | 460.000 | 460.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.435.976 | 4.435.976 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 1.100.000 | 1.150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 | 1.150.000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | 600.000 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 600.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 250.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 250.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 250.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 300.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **850.000** | **800.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **800.000** | **850.000** |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 850.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 850.000 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 850.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 850.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.400.000** | **3.401.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.400.000** | **3.401.000** |
| 480 | Купување на опрема и маШини | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 2.195.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 2.195.000 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 2.195.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 2.195.000 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.206.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.206.000 |
| 486110 | Купување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.206.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700.000 | 1.206.000 |
| 486190 | Купување на други моторни возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 4.423.107 | 6.423.107 | 1.200.000 | 1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.623.107 | 8.123.107 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4.423.107** | **6.423.107** | **1.200.000** | **1.700.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.623.107** | **8.123.107** |

# ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка и потпрограми

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | **Вкупни расходи** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | **359.182.303** | **418.991.502** | **30.906.000** | **32.906.000** | **285.001.486** | **286.802.486** | **16.016.740** | **16.016.740** | **0** | **0** | **691.106.529** | **754.716.728** |
| 480 Купување на опрема и маШини | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| 481 Градежни објекти | 1.850.000 | 3.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.850.000 | 3.850.000 |
| 481210 Подготвување проекти на деловни објекти | 1.850.000 | 3.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.850.000 | 3.850.000 |
| 481220 Набавка или нова изградба на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 2.573.107 | 2.573.107 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.573.107 | 2.573.107 |
| 482920 Изградба на други објекти | 1.441.411 | 1.441.411 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.441.411 | 1.441.411 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 866.161 | 866.161 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 866.161 | 866.161 |
| 482940 Надзор над изградбата | 265.535 | 265.535 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 265.535 | 265.535 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 485230 Компјутерстки софтвер | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 103.000 | 103.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 103.000 | 103.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **43.000** | **43.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **43.000** | **43.000** |
| 420 Патни и дневни расходи | 12.000 | 12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 12.000 |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | 12.000 | 12.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000 | 12.000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 31.000 | 31.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.000 | 31.000 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 31.000 | 31.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.000 | 31.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **60.000** | **60.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.000** | **60.000** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463190 Останати трансфери до невладини организаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464 Разни трансфери | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |
| 464990 Други трансфери | 60.000 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 60.000 |

**Член 4**

Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/11**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година**

Се објавува одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесетипрвата седница на советот, одржана на ден 13.07.2023 година.

**Број 09-1418/10**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), член 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РепС.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19, 5/21 и 7/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на ден 13.07.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година

### Член 1

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

### Член 2

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2023 година, во Програма Н1 и Потпрограма Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови усогласени со висината на средствата од блок дотација.

### Член 4

Критериуми за распределба на блок дотацијата за 2023 година по основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2023 година од Министерството за образование и наука,

- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште, запишани за учебната 2022/2023 година и

- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде:

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2023 година = ( 201.418.000,00 – 189.593.000,00 = 11.825.000,00 + 3.857.486,00 = 15.682.486,00 **ден**ари), од кои:

- 201.418.000,00 денари е износот на вкупната блок дотација за 2023 г., наменета за Општина Ѓорче Петров за Основно образование, утврдена со Републичкиот Буџет за 2023 година;

- 189.593.000,00 денари е вкупниот износ за бруто плати за сите О.О.У.

- 15.682.486,00 денари е износот кој претставува вкупниот наменски дел од блок дотацијата што останува за распределување за потребите за материјални трошоци;

- Во наменскиот дел за покривање на потребите на основните училишта за материјални трошоци во износ од 11.825.000,00 денари, се додава износот од 3.857.486,00 денари кој претставува салдо, односно, вкупно пренесен вишок од минати години од блок дотацијата наменета за основни училишта. Збирот од наменскиот дел и салдото од минати години изнесува 15.682.486,00 денари и претставува вкупниот износ за распределба на наменскиот дел од блок дотацијата за основни училишта за 2023 година, наменет за покривање на материјалните трошоци.

- **К м2** – коефициент за површина =0,3 и
- **К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

Поради усогласување со реалните потреби може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата по основни училишта, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на едно основно училиште за сметка на другите основни училишта.

Следи Табела 1 за распределбата на блок дотацијата по основни училишта, со податоци изразени во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Табела1**

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2023 година изнесува 15.682.486,00денари
Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на основно училиште | Вк. површина | Вк. ученици | Вк. коефициент | Процент (без корекција) | Процент (со корекција) | Распределба на средства според утврдени намени усогласени со реални потреби изразени во апсолутен износ Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Мирче Ацев | 4.400 | 721 | 4.206 | 21,19% | 20,19% | 2.955.000,00 |
| 2. | Ѓорче Петров | 3.820 | 324 | 2.443 | 12,32% | 11,32% | 2.054.986,00 |
| 3. | Димитар П.Г.Беровски | 4.762 | 962 | 5.279 | 26,60% | 25,60% | 3.454.500,00 |
| 4. | Страшо Пинџур | 2.964 | 600 | 3.292 | 16,60% | 15,60% | 2.352.000,00 |
| 5. | Тихомир Милошевски | 1.335 | 447 | 2.193 | 11,06% | 10,06% | 1.141.000,00 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.464 | 496 | 2.428 | 12,23% | 17,23% | 3.725.000,00 |
| | **Вкупно:** | **18.745** | **3.550** | **19.841** | **100 %** | **100 %** | **15.682.486,00** |

Во табелата 1, во колона 5, на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен на петте основни училишта, за сметка на О.О.У.Јоаким Крчовски на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа

училиште има организиран превоз на ученици, за што на годишно ниво му се потребни околу **1.900.000,00 денари.**

Во табелата 1, во колоната 6, се врши распределба на наменскиот дел од средствата од блок дотацијата по основни училишта, според утврдени намени усогласени со реални потреби, изразени апсолутен износ.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта преку Секторот за финансиски прашања, за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно, како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Распоредувањето на наменскиот дел од блок дотацијата по основни училишта за 2023 година, ќе се врши согласно распределбата на средствата според утврдени намени, прикажани во апсолутен износ во колона 6 од Табела 1 во членот 5 од оваа Одлука.

**Член 8**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2023 година бр. 08-134/4 од 20.01.2023 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 1/23).

**Член 9**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1360/12**
**од 13.07.2023 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Статут на Општина Ѓорче Петров (Пречистен текст)**

Се објавува Статутот на Општина Ѓорче Петров (Пречистен текст), што Комисијата за статут и прописи на советот на Општина Ѓорче Петров го утврди на седница на комисијата, одржана на ден 12.07.2023 година.

**Број 09-1418/11**
**од 13.07.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 2 од Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 7/23), Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 12.07.2023 година го утврди Пречистениот текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров ги опфаќа Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06), Статутарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.6/12), Статутарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19), Статутарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/21) и Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.7/23).

# СТАТУТ
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општина Ѓорче Петров е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 55/04) и Законот за Градот Скопје („Службен весник на РМ“ 55/04).

**Член 2**

Со овој Статут на Општина Ѓорче Петров (во натамошниот текст: Општината), во согласност со закон, се уредуваат:

- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;
- облиците на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето;
- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;

- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба и заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи.
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

**Член 3**

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст: Деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 4**

Седиштето на Општината Ѓорче Петров се наоѓа на ул.Ѓорче Петров бр.22, во Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 5**

Општината е правно лице

Општината има право на сопственост.

**Член 6**

Празник на Општината Ѓорче Петров е 20 Септември.

**Член 7**

Општината има печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма, со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на Општината и на чии рабови е испишано **„Република Северна Македонија-Општина Ѓорче Петров-Скопје“.**

Штембилот има форма на правоаголник со големина 6x3 см. во кој хоризонтално е испишан називот и седиштето на Општината, а помеѓу називот и седиштето се остава празен простор за впишување на бројот на актот и датумот на негово издавање.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Совет**

**Член 8**

Советот на Општината го сочинуваат 23 членови на Советот.

***а) Конституирање***

**Член 9**

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечената изјава со содржина утврдена со Закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 10**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот

***б) Права и должности на членовите на Советот***

**Член 11**

Членот на Советот има права и должности утврдени со Закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

На членот на Советот мандатот може да му престане или да му биде одземен под услови утврдени со Закон, на начин и постапка утврдени со Деловникот.

**Член 12**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за

прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

**Член 13**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 14**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Советот и Претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго од 6 месеци е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

***в) Претседател на Советот***

**Член 15**

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

Предлог за Претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на Претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на Претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

***г) Надлежност на Советот***

**Член 16**

Советот ги врши следните работи:

1. Го донесува Статутот на Општината и други прописи;

2. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината;
3. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на
Општината, во рамките утврдени со Закон;
4. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на Општината и врши надзор над нивната работа;
5. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кој ги основа;
6. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала Општината;
7. Ги усвојува извештаите за извршување на Буџетот и Годишната сметка на Општината;
8. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со Закон;
9. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала Општината;
10. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината;
11. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на
Општината, во согласност со Закон;
12. Донесува Деловник за работа на Советот;
13. Донесува Програма за работа на Советот;
14. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација
за населените места во Општината;
15. Донесува Програма за уредување на градежното земјиште;
16. Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата,локалниот економски развој,културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата,образованието,здравствената заштита,заштита и спасување во рамките на надлежностите определени со посебни закони, а во согласност со националните програми;
16а. Донесува план за заштита и спасување на Општина Ѓорче Петров;
17. Донесува Програма за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта, сервисни и стамбени улици;
18. Донесува Програма за јавно осветлување;
19. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и други програми;

20. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;
21. Го уредува начинот на чистење на оџаците;
22. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење од локално значење;
23. Одобрува Програма за одржување и користење на парковите и другите зелени јавни површини од локално значење;
24. Го уредува одржувањето на гробиштата во населените места;
25. Одобрува Програма за одржување и користење на речните корита;
26. Ја утврдува организацијата,делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, на предлог на Градоначалникот;
27. Врши избор на раководното лице на Полициската Станица од Општа Надлежност Ѓорче Петров во согласност со Закон.
28. Ги разгледува шестомесечните Извештаи на Полициска Станица од Општа Надлежност Ѓорче Петров.
29. Може да дава препораки на раководното лице на Полициска Станица од Општа Надлежност Ѓорче Петров од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.
30. Избира и разрешува Претседател на Советот на Општината;
31. Советот го назначува внатрешниот ревизор по предлог на Градоначалникот;
32. Формира постојани и повремени комисии;
33. Врши одделни овластувања во согласност со Закон врз добрата од општа употреба врз природните богатства на подрачјето на Општината;
34. Востановува општински признанија и награди;
35. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на локалната самоуправа;
36. Врши други избори и именувања од својата надлежност;
37. Донесува други одлуки за работите од своја надлежност.

Доколку Советот не ги усвои извештаите од ставот 1 точка 7 и 9 на овој член, може да покрене постапка за вршење на контрола над материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор.

***g) Начин на рабоѿа***

**Член 17**

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

**Член 18**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седница на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината.

Претседателот на Советот може да одлучи денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред да се објават во средствата за јавно информирање.

**Член 19**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани и државни празници, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

**Член 20**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, во случаи на вонредни околности и други прашања од итен карактер за функционирање на Општината.

Вонредна седница на Советот свикува Претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 21**

Во случај на спреченост или отсутност на Претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 22**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**Член 23**

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

**Градоначалник**

**Член 24**

Надлежности на Градоначалникот:

1. Ја претставува и ја застапува Општината;
2. Ја контролира законитоста на прописите на Советот;
3. Ги објавува прописите на Советот во Службеното гласило на Општината;
4. Го обезбедува извршувањето на Одлуките на Советот;
5. Го обезбедува извршувањето на работите кои што со Закон и се делегирани на Општината;
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот;
7. Го предлага Годишниот Буџет и Годишната сметка на Буџетот на Општината;
8. Го извршува Буџетот на Општината;
9. Избира директори на јавните служби кои ги основала Општината, врз основа на јавен конкурс;
10. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот;
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со Закон;
12. Донесува Правилник за систематизација на работните места на Општинската администрација;
13. Раководи со Општинската администрација;
14. Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во Општинската администрација, доколку поинаку не е определено со Закон;
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината во согласност со Закон и Статут;

15а. Подготвува и организира заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра во Општината во услови на воена состојба, природни непогоди и други несреќи;

16. Формира комисија за јавни набавки;
17. Донесува решенија за утврдување на данок на имот за имот кој се наоѓа на територијата на Општината, согласно Закон;
18. Склучува договори за закуп на објекти и делови на објекти на јавни установи со и без опрема;

19. Го известува Министерството надлежно за вршење на работите од областа на Локалната самоуправа за настанување на еден од условите за предвремено распуштање на Советот;
20. При предвремено распуштање на Советот до изборот на нов Совет, ги извршува работите од надлежност на Советот со определени ограничувања утврдени со Закон;
21. Предлага Ребаланс на Буџетот;
22. Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти;
23. Врши и други работи утврдрни со Закон и Статут.

**Член 25**

Градоначалникот ги врши своите надлежностите во рамките утврдени со Закон и овој Статут.

**Член 26**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебни тела на Општината.

**Член 27**

Градоначалникот,по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност.

Градоначалникот задолжително одговара на советничките прашања.

Доколку членот на Советот не е задоволен од усмениот одговор,истиот може да бара писмено да му се одговори најдоцна во рок од 15 дена од денот на поставување на советничкото прашање.

**Член 28**

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес, како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со Закон.

**Член 29**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите Општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на Општините.

Градоначалникот соработува со Месната самоуправа.

**Член 30**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член Градоначалникот го донесува во рок од 30
дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

За настапувањето на спреченоста или отсуството, Градоначалникот го известува Претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

**3. Посебни тела на Општината**

***а) Совет за заштита на потрошувачите***

**Член 31**

Во Општината се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 членови, од кои 6 претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во Општината и 1 претставник од Месната самоуправа.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на Општината.

**Член 32**

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на Месната самоуправа во Општината.

**Член 33**

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

Советот за заштита на потрошувачите за својата работа донесува Деловник.

**Член 34**

Членовите на Советот за заштита на потрошувачи имаат право на надомест на дневни и патни трошоци согласно Закон.

**Член 35**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

**Член 36**

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето на услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

***б) Партиципативно тело од областа на урбанизмот***

**Член 37**

Во Општината се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот, заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 7 членови.

**Член 38**

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на Партиципативното тело од областа на урбанизмот се избираат од

- претставник од Советот на Општината;
- тројца претставници од граѓаните од подрачјето на Општината;
- претставник од здружение на граѓани;
- истакнато стручно лице од областа на урбанизмот; и
- стручно лице од општинската администрација.

**Член 39**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира Претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 40**

Членовите на Партиципативното тело од областа на урбанизмот, освен стручното лице од општинската администрација и членовите на Советот на Општината, имаат право на надомест на дневни и патни трошоци согласно Закон.

**Член 41**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на Советот, без право на одлучување.

**в) ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

**Член 41-а**

Во Општината се формира Локален младински совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 29 години живот согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Младите од став 2 на оваа Одлука можат да бидат избирани за претседател/ка и заменик претседател/ка на Локалниот младински совет на општина Ѓорче Петров, само ако се со место на живеење во Општината.

**Член 41-б**

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

**ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА**

**Член 41-в**

Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:

- предлага точки на дневен ред на советот на Општината, кои ги засегаат младите;
- иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

**Член 41-г**

Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во Иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот младински совет. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по

успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува.

Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на
пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собрание на млади носи Одлука за
формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието. Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади

документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието.

На седницата на Локалното собрание на млади се поканувaат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Трочлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува

повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, советот на општина Ѓорче Петров го избира и го разрешува Локалениот младински совет врз основа на Одлука на Локалното собрание на млади. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменик-претседател/ка, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

**Член 41-д**

Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:

- лично барање на членот на Локалниот младински совет;
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади.

**Член 41-е**

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со
Деловникот за работа.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 41-ж**

Локалниот младински совет донесува програма за работа на Локалниот младински совет и ја доставува до советот на Општината за секоја календарска година.

Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Локалниот младински совет. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општината Ѓорче Петров најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.

**СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ**

**Член 41-з**

Општина Ѓорче Петров обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Локалниот младински совет во Општината.

Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со
усвоената годишна програма.

Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.

Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Ѓорче Петров, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

### а) Комисии на Советот

**Член 42**

Советот ги образува следните постојани комисии:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за финансирање, Буџет и Локален економски развој
- Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за образование,наука,здравствена, социјална заштита и заштита на децата;
- Комисија за урбанизам и заштита на животната средина;
- Комисија за комунални дејности,улици и патишта;
- Комисија за меѓународна соработка и соработка со невладини организации и здруженија на граѓани и фондации;
- Комисија за еднакви можности.
- Комисија за култура,спорт,млади, признанија и награди.

Делокругот на комисиите од став 1 на овој член се определува со Деловник на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

### б) Состав, избор и начин на работа на комисиите

**Член 43**

Комисиите на Советот се составени од Претседател и 4 члена.

**Член 44**

Избор на Претседател и членови на комисија на Советот се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политичките партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го предвид вкупниот број на комисиите на Советот.

Изборот на Претседател и членови на комисија се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 45**

Предлог за разрешување на Претседател и членови на комисија може да даде надлежната комисија, Комисијата за мандатни прашања,

избори и именувања, најмалку 3 (три) членови на Советот и Претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство на присутните членови на Советот.

**Член 46**

Избор заради промена на член на комисија се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 47**

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 48**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 49**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или по барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 50**

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 51**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага и е должен да ги собира и евидентира.

**Член 52**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и да учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и

научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува Претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

## IV. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ СПОРЕД НАЧЕЛОТО НА СУПСИДИЈАРНОСТ

**Член 53**

Општината, во рамките на Законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за Општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, по предлог на Градоначалникот.

## V.ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

**Член 54**

Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значање преку: граѓанска иницијатива, собири на граѓани и референдуми на начин и постапка утврдени со Закон.

**а) Граѓанска иницијатива**

**Член 55**

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од негова надлежност.

Советот е должен да расправа по предлогот на граѓаните од став 1 на овој член ако го поддржат најмалку 10% од избирачите на Општината или Урбаната односно Месната заедница на која се однесува определеното прашање.

Советот е должен да одржи расправа најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и за својата одлука да ги информира граѓаните.

**б) Собир на граѓани**

**Член 56**

Собирот на граѓани може да се свика за подрачјето на целата Општина или за подрачјето на Урбаната или Месната заедница.

Собирот на граѓани го свикува Градоначалникот на Општината по своја иницијатива, на барање на Советот на Општината или на барање од најмалку 10% од избирачите на Опшината, Урбаната заедница и Месната заедница на која се однесува определеното прашање.

Актот за свикување на собирот на граѓани се истакнува на јавни места на вообичаен начин или преку средствата за јавно информирање.

**Член 57**

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓани може да се одржи доколку на него присуствуваат најмалку 10% од избирачите.

**Член 58**

Органите на Општината во рок од 90 дена ги разгледуваат заклучоците донесени на собирот на граѓани и ги земаат предвид при одлучувањето и донесувањето на акти по прашањата на кои се однесуваат и ги информираат граѓаните за своите одлуки на вообичаен начин или преку службено гласило на Општината.

**в) Референдум**

**Член 58а**

За поедини прашања, Општината може да распише референдум, согласно Закон. На референдумот граѓаните се изјаснуваат непосредно со тајно гласање. Референдумот се распишува заради одлучување на граѓаните или за консултирање на граѓаните. Одлуката донесена на раферендум за одлучување на граѓаните е задолжителна. Одлуката донесена на референдум за консултуирање на граѓаните не е задолжителна.

## VI. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ, СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**а) Информирање на граѓаните**

**Член 59**

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за
одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и градската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна
распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 60**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средствата за јавно информирање ; и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 61**

Информирањето на граѓаните се врши на македонски јазик и неговото кирилично писмо.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 62**

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со Закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 63**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага Градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 64**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со Закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со Закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на Јавното претпријатие и Јавната установа основана од Општината создава услови и презема мерки пропишани со Закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно Статутот на претпријатието и установата.

**Член 65**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 66**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со Закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 67**

Барателот на информација има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 68**

Советот на Општината усвојува Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**в) Заштита на личните податоци**

**Член 68а**

Се гарантира заштита на личните податоци на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или по кој било други определби и лични карактеристики, согласно Закон.

Заштитата на личните податоци се однесува:

- на целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци и
- на друга обработка на личните податоци што се дел од постојана збирка на личните податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.

## VII. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ

**Член 69**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со Закон и овој Статут, како и по предлог на Градоначалникот, Претседателот на Советот или најмалку 1/3 (третина) од членовите на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал и со одбраната и сигурноста на граѓаните; кога може да ги загрози интересите на определена личност и во други оправдани причини.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## VIII. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

**Член 70**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлозишто се однесуваат на работата на органите на Општината и администрацијата.

**Член 71**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 72**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 73**

Градоначалникот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 74**

Овластеното лице е должно во законски утврден рок од денот на приемот на преставката односно приемот на подносителот да му достави одговор.

## IX. ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**Член 75**

Органите на Општината, заради утврдување политика во определена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавува соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на Месната самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 76**

При организирање јавна трибина,спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени; и
- изготвување на извештај.

**Член 77**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

**Член 77а**

Градоначалникот и Советот на Општина Ѓорче Петров по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во Општината Ѓорче Петров, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на Општината Ѓорче Петров.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на Општината Ѓорче Петров. Врз основа на барањето, стратешките документи и целите за развој на Општината, Градоначалникот поднесува предлог до Советот. Советот одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Градоначалникот.

## X. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

### Член 78

Во воена состојба, органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со Закон ; и
- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со Закон и прописи засновани на Закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со Закон и прописи засновани на Закон;
- координација и соработка со другите општини

## XI. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Донесување програми, одлуки и други општи акти**

### Член 78а

Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови утврдени во програмата за работа на Советот тие предлози на акти да ги доставaт до Советот во соодветна форма на разгледување и донесување.

**Член 78б**

При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.

**Член *78в***

Деталните урбанистички планови на Општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.

**Одобрување програми и други акти**

**Член *78г***

Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа, а кои вршат работи од надлежност на Општината и облиците на месната самоуправа.

**Член *78д***

Ако Советот не ја одобри програмата од член 78г, тогаш формира работно тело кое заедно со претставници на подносителот на програмата, работат до конечно усогласување на ставовите.

**Член *78ѓ***

Советот одобрува и други акти во согласност со закон.

**Член 78е**

Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува одлука или заклучок.

**Итна постапка за донесување одлуки**

**Член *78ж***

По исклучок, Советот може и по итна постапка да донесе одлука кога е тоа неопходно за спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на Општината.

Пред да се донесе Одлука, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлог на одлука.

**Расправа по предлог на акт и предлозите за измени и дополнувања**

**Член *78з***

По предлозите на актите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот.

**Член *78ѕ***

Предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува во писмена форма.

Предлог може да поднесе овластен предлагач: Градоначалникот, член на Совет, група членови на Совет или јавна служба, установа и претпријатие или јавни служби, установи и претпријатија кои ги основа Општината и истиот мора да биде образложен.

Предлог за измени и дополнувања, по предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува најдоцна 3 дена пред денот определен за одлучување на седница на Советот, преку претседателот на Советот.

Предлогот, претседателот на Советот го доставува до членовите на Советот, до соодветното работно тело или надлежен управен орган и до Градоначалникот на Општината.

Во расправата на работното тело задолжително се повикува предлагачот или негов претставник.

**Член *78и***

Предлагачот на предлогот, може да поднесе предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлука или друг општ акт на седница на Советот, во текот на претресот на предлогот.

Предлогот од претходниот став се поднесува писмено и мора да биде образложен.

**Член *78ј***

За предлогот се води посебен претрес на седница на Советот.

По предлогот за измени и дополнувања поднесен на седница, Советот може да одлучи претресот да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или претресот да се прекине додека членовите на Советот не го проучат и по него не се изјаснат.

**Член *78к***

За предлогот се одлучува пред да се гласа за предлог на одлука или другиот општ акт.

**Автентично толкување на општи акти**

**Член *78л***

Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, граѓаните од Општината, јавно претпријатие кое

извршува дејност на подрачјето на Општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.

**Член *78љ***

Барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисија за Статут и прописи.

**Член *78м***

Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од работните тела на Советот и управните и административните органи на општината.

**Член *78н***

Ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на усвојување, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за Статут и прописи за тоа ќе поднесе Извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

**Утврдување на пречистен текст на општи акти**

**Член *78њ***

Ако во општиот акт се вршат поoбемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за Статут и прописи и го објавува во "Службен Гласник" на Општината.

**Претресување на извештаи, информации и други материјали**

**Член *78о***

Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги претресува Советот, материјалите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело.

По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува одлука или заклучок.

Советот дава мислења, согласност и предлага мерки за уредување на работите од заеднички интерес за градот Скопје, како и утврдува насоки за извршување на прописите и други одлуки.

**Член *78ӣ***

Општите и другите акти се објавуваат во службено гласило на Општината, најдоцна во рок од 7 дена од денот на нивното донесување.

Службено Гласило на Општината е „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид.

**Поединечни акти**

**Член *78р***

Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именување.

Градоначалникот на Општината донесува решение.

**Член *78с***

Градоначалникот на Општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите од Советот да ги објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров."

Службениот Гласник на Општина Ѓорче Петров се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров и се доставува до сите надлежни институции и во урбаните и месните заедници во Општина Ѓорче Петров.

На веб страницата на Општина Ѓорче Петров се објавуваат и актите, одлуките, конкурсите, огласите и соопштенијата на органите на Општината.

**Член 79**

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано со денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;
- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;

- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето и сл.;
- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

## XII. МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 80**

Граѓаните во Општината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 81**

Во Општината како облици на Месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - Урбани заедници,
- во населените места - Месни заедници.

**Член 82**

Подрачјето за кое се основаат Урбаните заедници се границите на Урбаните единици утврдени со Урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основа Месна самоуправа се границите на катастарските општини на населените места.

Границите на секоја Урбана и Месна заедница се утврдуваат со правилата за работа на облиците на Месната самоуправа.

**Член 83**

Доколку границите на урбаните единици утврдени во урбанистичкиот план на Град Скопје и катастарските општини на населените места се изменат поради ново територијално организирање на истите или заради други оправдани причини, иницијатива за основање облици на Месна самоуправа може да се покрене согласно Закон.

Иницијативата ја покренуваат најмалку 20% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на Месна самоуправа.

**Член 84**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на Месна самоуправа,

образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на Општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите за основање на еден од облиците на Месна самоуправа и донесува одлука за основање .

**Член 85**

На територијата на Општина Ѓорче Петров постојат 5 урбани заедници и 7 месни заедници.

Урбани заедници се: Ѓорче Петров, Хром, Мирче Ацев, Дексион и Даме Груев.

Месни заедници се: Волково, Волково-Пржина, Кисела Јаболка, Орман, Ново Село, Никиштани и Кучково.

**Член 86**

Граѓаните преку облиците на Месна самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање покренуваат иницијативи:

- за решавање на прашања од комунална инфрастрктура за соодветното подрачје;
- за одржување на објектите од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- од обласга на урбанизмот, заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- за организирање културни, спортски, забавни и други манифестации, и
- за други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на Месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на Општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 87**

Работите од членот 86 на овој Статут се финансираат од:

- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуги; и
- подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од став 1 на овој член, се врши преку Буџетот на Општината.

**Член 88**

Орган на облиците на Месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на Месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на Месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно .

Советот на облиците на Месна самоуправа е составен од пет до единаесет члена.

Мандатот на членовите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четири) Години.

**Член 89**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на облиците на Месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на Месната самоуправа, донесува Градоначалникот на Општината во рок од 15 дена.

**Член 90**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на Месна самоуправа се врши на Собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 10 % од граѓаните, жители на соодветната Урбана или Месна заедница.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од присутните граѓани на Собирот.

Доколку на Собирот не присуствуваат потребниот број на граѓани, се закажува нов Собир на граѓани кој полноважно ќе работи и одлучува со присутните на тој Собир.

**Член 91**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на Месна самоуправа, поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на Месна самоуправа, донесени од Советот на Општината.

**Член 92**

Советот на облиците на Месна самоуправа од редот на своите членови избира Претседател кој го претставува и застапува обликот на Месната самоуправа.

**Член 93**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност на Претседателот на Советот на обликот на Месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 94**

Општинската администрација ги врши стручните, административно- техничките и сметководствено финансиските работи на органот во обликот на Месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 95**

Општината води евиденција на облиците на Месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

## XIII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО

**Член 96**

За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот распишува конкурс и образува комисија.

**Член 97**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб односно знаме и го доставува до Советот на усвојување.

**Член 98**

Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, одлучува по предлогот на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на Општината е составен дел на Статутот на Општината.

**Член 99**

Грбот на Општината се употребува во состав на печатот на Општината.

Грбот на Општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на Општината.

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на Општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на Општината.

**Член 100**

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Општината и на видни места во Општината.

Знамето на Општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана Општината.

**Член 101**

Грбот и знамето на Општината не се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XIV. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 102**

Измени и дополнувања на Статутот на Општината можат да предложат најмалку 10% од членовите на Советот на Општината, Градоначалникот на Општината или најмалку 10% од избирачите во Општината.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 103**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 104**

Имателите на информации од член 58 на овој Статут се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на овој Статут да ја донесат и објават листата на информации од член 59 на овој Статут.

**Член 105**

Градоначалникот на Општината во рок од три месеци од денот на донесувањето на овој Статут, согласно актот за организација на општинската администрација, ќе распореди државен службеник од администрацијата кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Член 106**

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, Општината ќе ги воведе во евиденција постојните облици на Месна самоуправа, основани во согласност со Статутот на Општината.

**Член 107**

Со влегување во сила на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 5/06) престанува да важи Статутот на Општината бр.07-773/3 од 23.07.2003 година („Службен Гласник на Град Скопје бр.10/03“).

**Член 108**

Со влегување во сила на Статутарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/21) се става вон сила Статутарната одлука број 07-4609/4 од 12.11.2014 година, објавена во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/14.

**Член 109**

Пречистениот текст на Статутот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Комисија за статут и прописи**
**Претседател**
**Марјан Ливриниќ с.р.**